


Индексот на граѓанското општество (ИГО) е потврден начин за истражување и проценка на состојбата на граѓанското општество. Во 2008 г. МЦМС се пријави на повикот на Светската алијанса за граѓанско учество Цивикус за национална координирачка организација и беше избран по втор пат да го координира и спроведе **Цивикус-Индексот на граѓанското општество** во Република Македонија. ИГО го проценува граѓанското општество преку анализа на 65 показатели во следните пет димензии на ГО: **Граѓански ангажман; Ниво на организација; Практикување на вредности; Перцепција на влијание; и Надворешна околина**. Овие показатели на граѓанското општество ќе се истражуваат со: испитување на јавноста преку репрезентативен национален примерок, анкета на ГО, интервјуа со клучни личности, студии на случај, но и повеќе расправи меѓу различните актери во општеството.

**Општа цел** на проектот е зајакнато граѓанско општество и негова подобрена одржливост и учество во позитивните општествени промени. **Цел** на проектот е собрани и споделени корисни и релевантни информации за состојбата на граѓанското општество.

**Целна група** на проектот се општата јавност, ГО, државните институции, медиумите и деловниот сектор.

**Директни корисници** се над 6000 граѓански организации, синдикати, верски заедници, организации на работодавачи и стопански комори. Проектот ќе се спроведува во Република Македонија, додека најголем дел од активностите ќе се реализираат во Скопје.

**Очекувани резултати** од проектот се: Релевантните чинители се информирани за состојбата со ГО во Македонија; Организирани форуми за размена на знаењето за ГО;

Дефинирани препораки за зајакнување на ГО; и Зголемен капацитет за истражување на учесниците во проектот.

Резултатите ќе се постигнат преку следните активности:

1. **Информирање на релевантните чинители за состојбата со ГО**: Анкета на граѓанските организации (организациска анкета) и анализа на наодите; Анкета за надворешна перцепција; Анкета на населението; Прибирање податоци за Дијамантот на ГО; Подготовка на прикази на случај; Анализа на податоците и подготовка на нацрт-аналитички извештај и политичко резиме; и Промовирање и дистрибуирање на продуктите од ИГО.

2. **Организирање форуми за размена на знаењето за ГО**: Состаноци на Советодавен комитет (СК); Регионални состаноци со фокус-групи; и Национална работилница.
3. **Дефинирање препораки за зајакнување на ГО**: Дефинирање заклучоци и препораки од страна на НИТ; и Разгледување и потврдување на заклучоците и препораките.
4. **Зголемен капацитет за истражување на учесниците во проектот**: Зајакнување на капацитетот на соработниците во МЦМС за истражувања; и Подобрување на капацитетите за анализа и јавна расправа за граѓанското општество.

Периодот на спроведување е **1 септември 2009 г. – 30 јули 2010 г**.

Самиот пристап на проектот овозможува и бара **вклучување на повеќе актери од различни сектори** . Во проектот ќе учествуваат над 100 претставници на ГО, владините институции, Собранието, локалната самоуправа, медиумите, универзитетите, црквите и верските заедници, синдикатите, политичките партии, претпријатијата, стопанските комори и др.

Наодите од ИГО се корисни за формулација на идни истражувања било за јавното мислење за граѓанското општество, јаките и слабите страни на ГО, правната и фискалната средина за функционирање на ГО и сл. **Додадена вредност на ИГО** е и активното учество на најразлични актери од општеството, што ќе овозможи воспоставување контакти меѓу различните сектори, но и започнување или подобрување на комуникацијата и соработката.

Трошоците за проектот паѓаат на програмата Институционален развој на граѓанското општество (ИРГ). Планираните директни трошоци изнесуваат 930.000,00 МКД. Проектот е финансиран од ЕЕД, УНДП и од МЦМС.

{slide=**Советодавен комитет на Цивикус – Индекс на граѓанското општество**}

**Организации на граѓанското општество**

1. Бехиџудин Шехапи – претседател на Ел хилал
2. Газменд Ајдини - извршен директор на Центарот за развој на медиумите, генерален секретар на Здружението на новинарите на Македонија
3. Дарко Алексов - извршен директор на „Мост“
4. Дојчин Цветановски – претседател на Синдикатот за образование, наука и култура (СОНК )
5. Елена Николова - извршен директор на Еразмус - студентската мрежа Скопје
6. Звонко Шавревски - претседател на „Полио плус – движење против хендикеп”
7. Јана Лозановска – директор на Одделот за применето истражување на политиките во Институтот „Евро-Балкан“
8. Мирјана Најчевска – директор на Центарот за човекови права и разрешување конфликти
9. Мухамед Точи – координатор на секторот за човекови права и меѓуетнички односи во Хуманитарното и добротворно здружение на Ромите „Месечина“, Гостивар
10. Ризван Сулејмани - директор на Институтот за политички и меѓукултурни студии во Скопје
11. Сунчица Костовска – директор на програмата за граѓанско општество, Фондација Институт отворено општество - Македонија (ФИООМ)

**Претставници од другите сектори**

12. Александар Николовски – пратеник во Собранието на Република Македонија
13. Зумрете Јакупи – пратеник во Собранието на Република Македонија
14. Елисавета Симјановска – менаџер за односи со јавноста и корпоративен идентитет во Секјуриком
15. Ирена Иванова – Делегација на Европска комисија
16. Лилјана Поповска – пратеник во Собранието на Република Македонија
17. Радмила Шеќеринска – пратеник во Собранието на Република Македонија
18. Слаѓана Димишковска – новинар
19. Соња Трајаноска-Стефановска - Програма за развој на Обединетите нации (УНДП)

{/slide}

**[Завршен извештај од проектот.]**